Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ
бр. 0902-967
02.09.2025 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03-10178/1.
Датум: 29-08-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги-осигурување на службените моторни возила (Дел 1 - осигурување на службените моторни возила од автомобилска одговорност)

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. „Даме Груев“, бр.12 - Скопје, претставувано по овластување на министерот за финансии од д-р Андриана Матлиоска, државен секретар, во натамошниот текст: договорен орган; и

2.Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, со седиште на Бул. „8-ми Септември“ бр.19А, Скопје, претставувано од Ралица Губерова, генерален извршен директор, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е осигурување на службените моторни возила на Министерството за финансии од одговорност за штети предизвикани на трети лица и дополнително осигурување на стакло од кршење, како и осигурување на возач и патници од последици на несреќен случај и тоа со следниве осигурени суми (100.000,00 денари за смрт поради несреќен случај и 200.000,00 денари за траен инвалидитет), по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.11974/2025.

Составен дел на овој договор се понудата на носителот на набавката за Дел 1 со даден преглед на експозитури на носителот на набавката каде што може да се осигураат возилата, со место и локација (Прилог 1 кон договорот) и списокот на службените моторни возила на Министерството за финансии (Прилог 2 кон договорот).

### Член 2

Договорниот орган го задржува правото по потреба да го дополнува Списокот на службените моторни возила на Министерството за финансии со други моторни возила со кои дополнително би се стекнал за времетраење на договорот за јавна набавка.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Износот на вкупната бруто премија за осигурување, која претставува збир од бруто премијата за осигурување од одговорност на штети предизвикани на трети лица од употреба на возило (автоодговорност) со вкалкулиран евентуален бонус/малус, бруто премијата за осигурување на стакло со засметан евентуален попуст, за секое моторно возило поединечно, и бруто премијата за осигурување на возач и патници од последици на несреќен случај согласно износот на премија за осигурување, даден во финансиската понуда на носителот на набавката.

Максималната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност, изнесува 400.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член не се пресметува данок на додадена вредност, согласно со член 23, став 1, точка 6 од Законот за данокот на додадена вредност.

Фактурирањето за извршената услуга предмет на овој договор ќе се врши врз основа на единечните цени дадени во понудата на носителот на набавката.

На возилата дополнително вклучени во списокот на службени моторни возила на Министерството за финансии ќе се применуваат цените од финансиската понуда на носителот на набавката, дадена во прилог на договорот.

Договорниот орган не е обврзан да ја реализира вкупната максимална вредност на договорот наведена во став 2 од овој член.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Договорот се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци, а истиот ќе започне да се применува сметано од 17.11.2025 година.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Со гаранцијата носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за

неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## V. РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 6

Носителот на набавката е должен да изврши осигурување на сите службени моторни возила на договорниот орган наведени во списокот на службени моторни возила даден во Прилог 2 на овој договор, во период од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на влегување во сила на овој договор, во време кое ќе го определи договорниот орган и во експозитурите на носителот на набавката каде што може да се осигураат возилата.

За времетраење на договорот за јавна набавка можни се промени на регистарските таблички заради промена на корисникот кај договорниот орган.

Носителот на набавката е должен во текот на целото времетраење на договорот за набавка да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во овој договор.

Носителот на набавката има обврска на договорниот орган веднаш да му издаде полиса за осигурување од одговорност за штети предизвикани на трети лица и осигурување на стакло.

Носителот на набавката има обврска во рок од 14 дена од комплетирање и достава на целокупната потребна документација за настанатата штета кај осигурителот да изврши исплата на надоместокот на штета на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен по потреба и на барање на договорниот орган да издаде зелен картон за службените возила, согласно утврдените цени за издавање на зелен картон и важечките прописи.

### Член 7

Осигурувањето на службените моторни возила на договорниот орган од одговорност за штети причинети на трети лица, осигурување на стакло, осигурување на возач и патници од последици на несреќен случај и издавањето на зелен картон по барање на договорниот орган ќе се извршува во експозитурите на носителот на набавката лоцирани во градовите на територијата на Република Северна Македонија, согласно прегледот на експозитури (со место и локација) на носителот на набавката каде што може да се осигураат возилата.

## VI. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

Член 8

При реализација на договорот за јавна набавка доколку има измени (корекција) на регулираните цени кои се пропишани со одреден пропис/акт, истите се менуваат согласно измените (корекциите) наведени во прописот/актот.

Корекцијата на цени е можна само во обемот на извршена измена на регулираната цена утврдена со пропис/акт од надлежен орган, од денот на влегувањето во сила на наведениот пропис/акт со кој се утврдуваат цените.

Член 9

Корекција на износот на вкупната бруто премија е дозволена само доколку истата се јавува како резултат на промена на висината на стапката на техничка премија за осигурување од одговорност за штети предизвикани на трети лица во согласност со Одлуката за утврдување на минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

Корекција на износот на бруто премијата се врши на барање на која било од договорните страни на договорот за јавна набавка, а по прифаќање од двете договорни страни.

Член 10

Како релевантен доказ за промената на износот на бруто премијата за осигурување ќе се користи Одлуката за утврдување на минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

## VII. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши во рок до 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган, а која се однесува на извршеното осигурување на секое поединечно моторно возило или издавање на зелен картон.

Член 12

Сите трошоци кои ќе произлезат во врска со извршувањето на обврските на носителот на набавката при реализацијата на предметниот договор, а кои се однесуваат на одредени административни такси или надоместоци спрема трети лица, ќе бидат на товар на носителот на набавката.

Договорниот орган нема обврска да ги плаќа патните и другите трошоци на носителот на набавката кои ќе произлезат од извршувањето на обврските предмет на овој договор.

## VIII.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 13

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, упатствата на договорниот орган и во согласност со законската регулатива за овој вид на набавка.

Член 14

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски да ги почитува следните правила:

- на барање на договорниот орган да го осигура секое моторно возило наведено во Списокот на моторни возила со кои располага Министерството за финансии, согласно условите дефинирани во договорот и да издаде полиса за осигурување од одговорност за штети на трети лица и осигурување на стакло, на доносителот на возилото;
- да ги запознае своите експозитури со обврските што произлегуваат од овој договор и да им го достави списокот на службените моторни возила.
- во текот на целото времетраење на договорот да ја извршува услугата што е предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во овој договор;
- да им обезбеди приоритет во вршењето на услугата на моторните возила на договорниот орган и
- да се грижи за навремено извршување на услугата во смисла на запазување на роковите за задолжително осигурување на моторните возила на договорниот орган.

## IX. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 15

Доколку за време на важењето на договорот договорниот орган се стекне со правото на користење на други возила или од било кои причини го изгуби правото


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255 633 www.finance.gov.mk

на користење над возилата од прилогот кон договорот, за тоа писмено ќе го извести носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува дека ќе му плати на носителот на набавката за извршеното осигурување и издавање на годишен зелен картон, според условите дефинирани во член 11 од овој договор.

Договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката за секоја промена во однос на сопственоста на возилата.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 16

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

### Член 17

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 18

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

### Член 19

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

### Член 20

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 21

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорни страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 22

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 23

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 24

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 25

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СКОПЈЕ | Акционерско друштво<br>ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ<br>СКОПЈЕ |
| По овластување на министерот<br>за финансии<br>Државен секретар<br>д-р Андриана Матлиоска | Генерален извршен директор<br>Ралица Губерова |

Изработил: Петрина Мале
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил:м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски

# ПРИЛОГ 1 КОН ДОГОВОР-ПОНУДА

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 11974/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Осигурување на службените моторни возила, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: бул. 8ми Септември бр. 19А
- Телефон:02 3 228 904
- Факс: 02 3 117 194
- Е-пошта: tenderi@euroins.com.mk
- Лице за контакт: Грета Никочевиќ

I.3. Одговорно лице: Ралица Губерова

[illegible] АД Скопје

**<u>Елементи на понудата</u>**

- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран

- Изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено

кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН

- Единствен документ за јавни набавки
- Документ за регистрирана дејност
- Лиценца/дозвола/потврда како доказ дека се исполнети посебните услови за вршење на дејноста пропишани со закон
- со изјава за инструментите, постројките или техничката опрема, која давателот на услугите или изведувачот на работите ја има на располагање за извршување на договорот
- Изјава за сериозност
- Техничка понуда
- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Дел 1 – Техничка понуда**

Согласни сме да ви ја понудиме услугата која е предмет на набавка во ДЕЛ 1. Со предметот на набавката се опфатени сите службени моторни возила на Министерството за финансии кои се наведени во Списокот на службени возила, даден во техничките спецификации, во сé според барањата дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел на оваа тендерска документација.

**НАПОМЕНА: Економскиот оператор ја потпишува со валиден дигитален сертификат и прикачува техничката понуда во моментот на поднесување на понудата како дел од целокупната документација.**
**Недоставувањето на техничка понуда е основ за отфрлање на понудата.**

## Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 11974/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Осигурување на службените моторни возила, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

## Финансиска понуда

### Предмет на дел: Осигурување на службените моторни возила од автомобилска одговорност

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица КУ-7267-АЕ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица ШТ-192-ТГ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица БТ-630-ЦБ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица КР-0332-АБ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66514110 -0 | СЕАТ Ибица ВЕ-150-БГ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110 -0 | СЕАТ Ибица НЕ-9224-АБ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110 -0 | СЕАТ Ибица ВЕ-044-КЦ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110 -0 | СЕАТ Ибица КИ-4098-АД вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110 -0 | Фиат Punto КП-8403-АБ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | | | | | | |
| 66514110-0 | СЕАТ ИбицаОХ-175-БФ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица ГЕ-6855-АЦ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица ПП-9835-АФ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица СР-5486-АЦ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица ТЕ-0310-АК вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица СН-2164-АБ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица КО 2147 АС вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица ОХ-872-ХС вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | СЕАТ Ибица СК-027-КГ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | | | | | | |
| 66514110-0 | Шкода Октавиа СК-9731-БХ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 6.273,00 | 6.273,00 | 0,00 | 6.273,00 |
| 66514110-0 | Шкода Октавиа СК-0339-БИ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 6.273,00 | 6.273,00 | 0,00 | 6.273,00 |
| 66514110-0 | Шкода Рапид СК-9734-БХ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |
| 66514110-0 | Шкода Рапид СК-9752-БХ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66514110 -0 | Шкода Рапид СК-0340-БИ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |
| 66514110 -0 | Шкода Рапид СК-0338-БИ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |
| 66514110 -0 | Шкода Рапид ШТ-2689-АД вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |
| 66514110 -0 | Шкода Рапид СК-9754-БХ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |
| 66514110 -0 | Шкода Рапид СК-9758-БХ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај | Парче | 1,00 | 5.422,00 | 5.422,00 | 0,00 | 5.422,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | | | | | | |
| 66514110-0 | Шкода Ситигоо СК-3708-БЈ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | Шкода Ситигоо СК-2431-БИ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.168,00 | 4.168,00 | 0,00 | 4.168,00 |
| 66514110-0 | Хонда ЦР-В СК-0413-БК вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 9.049,00 | 9.049,00 | 0,00 | 9.049,00 |
| 66514110-0 | ВОЛВО ХС 90 СК-3637-БИ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 9.049,00 | 9.049,00 | 0,00 | 9.049,00 |

| **Шифра** | **Назив на ставка** | **Мерна единица** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупна цена (без ДДВ )** | **ДДВ** | **Цена со ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 66514110 -0 | Шкода Јети СК-4978-БИ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 7.482,00 | 7.482,00 | 0,00 | 7.482,00 |
| 66514110 -0 | Шкода Јети СК-1412-БХ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 7.482,00 | 7.482,00 | 0,00 | 7.482,00 |
| 66514110 -0 | Опел астра СК-993-УО вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 6.273,00 | 6.273,00 | 0,00 | 6.273,00 |
| 66514110 -0 | Форд Фиеста СК-862-ПТ вкупната понудена премија содржи:премија за автомобилска одговорност+премија за осигурување на лица од несреќен случај незгода на возач и патници+премија за дополнително осигурување на стакло | Парче | 1,00 | 4.794,00 | 4.794,00 | 0,00 | 4.794,00 |
| | | | | **Вкупно** | 231.846,00 ден | 0,00 ден | 231.846,00 ден |

Вкупната цена на нашата понуда за **Осигурување на службените моторни возила** за **Осигурување на службените моторни возила од автомобилска одговорност** вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **231.846,00** (**двеста триесет и една илјади осумстотини четириесет и шест**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **0,00** денари.

*Овој образец не се потпишува своерачно, тукy исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ

## СПИСОК НА ПОДРУЖНИЦИ НА ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје

| Реден број по град | Град | Адреса на поединечните експозитури за осигурување |
|---|---|---|
| 1 | Охрид | 1. ул.Димитар Влахов бр. 9А/1, Охрид |
| 2 | Охрид 1 | 2. ул.Димитар Влахов бр.9А/3, Охрид |
| 3 | Прилеп | ул.Борис Кидрич бр.1/5, Прилеп |
| 4 | Скопје - Генерална дирекција | бул.8-ми Септември бр.19А, Скопје - Карпош |
| 5 | Скопје - Автокоманда | ул.16-та Македонска Бригада бр.6/1-10, Скопје - Гази Баба |
| 6 | Скопје - Карпош | ул.Никола Парапунов бр.41, Скопје - Карпош |
| 7 | Свети Николе | ул.Плоштад Илинден бр.46, Свети Николе |
| 8 | Табановце Куманово | Граничен премин Табановце бр.локал 85, Табановце, Куманово |
| 9 | Неготино | ул.Јане Сандански бр.37, Неготино |
| 10 | Велес | ул.8-ми Септември бр.55/13, Велес |
| 11 | Граничен премин Деве Баир | ул.Населено место без уличен систем бр.3, Узем, Крива Паланка |
| 12 | Илинден | ул.32 бр.28, Илинден |
| 13 | Струга | 1. ул.Пролетерски Бригади бр.39, Струга |
| 14 | Струга 1 | 2. Сервисна зона бб, Струга |
| 15 | Скопје - Идадија | ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.4/1-д.п.5, Скопје-Центар |
| 16 | Гевгелија | ул.Гевгелиски партизански одред бр.2-4, Гевгелија |
| 17 | Струмица | ул.Климент Охридски бр.54, Струмица |
| 18 | Битола | ул.Добривоје Радосављевиќ бр.20 –А/објект бр.3, Битола |
| 19 | Тетово | ул.Љубо Божиновски – Пиш бб, Тетово |
| 20 | Кавадарци | ул.Илинденска бр.52, Кавадарци |
| 21 | Штип | ул.Борис Кидрич бб, Штип |
| 22 | Кичево | ул.11 Септември бр.1/4-приземје, Кичево |
| 23 | Куманово | ул.Октомвриска револуција бр.3/1, кат-приземје, Куманово |
| 24 | Богданци | ул.Маршал Тито бр.26, Богданци |
| 25 | Гостивар | ул.Никола Парапунов бр.70, Гостивар |
| 26 | Блаце | ул.Граничен премин Блаце, Чучер-Сандево |
| 27 | Валандово | ул.Моша Пијаде бр.1 зграда 1/2-приземје, Валандово |
| 28 | Виница | ул.Партизанска бр.36, Виница |
| 29 | Скопје - Даме Груев | ул.Лука Геров бб, Скопје - Ѓорче Петров |
| 30 | Скопје - Аутомакедонија | ул.Кочо Рацин бр.42-2/1, Скопје - Центар |

Скопје, 11.07.2025 година

ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје
Извршен директор Ралица Губерова

Акционерско друштво ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ Скопје

ПРИЛОГ 2 КОН ДОГОВОР - СПИСОК НА СЛУЖБЕНИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

| Р.Б | Марка и Тип на возило | Регистарски таблички | Година на производство | Сила на мотор (kw) | Работна зафатнина на мотор (cm3) | Број на мотор | Број на шасија | Корисник на возило | Број на седишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СЕАТ ИБИЦА | КУ-7267-АЕ | 2000 | 44 | 1390 | AAK230220 | VSSZZZ 6K1R161 869 | Куманово | 5 |
| 2 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ШТ-192-ТГ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230250 | VSSZZZ 6KZ1R1 64233 | Берово | 5 |
| 3 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | БТ-630-ЦБ | 2000 | 44 | 1390 | AKK228685 | VSSZZZ 6KZ1R1 26036 | Битола | 5 |
| 4 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | КР-0332-АБ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230313 | VSSZZZ 6KZ1R1 68961 | Кратово | 5 |
| 5 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ВЕ-150-БГ | 2000 | 44 | 1390 | AKK213752 | VSSZZZ 6KZ1RO 57717 | Велес | 5 |
| 6 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | НЕ-9224-АБ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230264 | VSSZZZ 6KZ1R1 65688 | Ресен | 5 |
| 7 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ВЕ-044-КЦ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230292 | VSSZZZ 6K31R16 6028 | Кавадарци | 5 |
| 8 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | КИ-4098-АД | 2001 | 44 | 1390 | AKK232683 | VSSZZZ 6KZ1R2 48694 | Кичево | 5 |
| 9 | СЕАТ ИБИЦА | ОХ-175-БФ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230296 | VSSZZZ 6KZ1R1 66135 | Охрид | 5 |
| 10 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ГЕ-6855-АЦ | 2000 | 44 | 1390 | AKK214535 | VSSZZZ 6KZ1R0 59743 | Гевгелија | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ПП-9835-АФ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230263 | VSSZZZ 6KZ1R1 65244 | Прилеп | 5 |
| 12 | СЕАТ ИБИЦА | СР-5486-АЦ | 2000 | 44 | 1390 | AKK214116 | VSSZZZ 6KZ1R0 58666 | Струмица | 5 |
| 13 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ТЕ-0310-АК | 2000 | 44 | 1390 | AKK230371 | VSSZZZ 6K1R16 8958 | Тетово | 5 |
| 14 | СЕАТ ИБИЦА | СН-2164-АБ | 2000 | 44 | 1390 | AKK228694 | VSSZZZ 6KZ1R1 26138 | Свети Николе | 5 |
| 15 | СЕАТ ИБИЦА | КО-2147-АС | 2000 | 44 | 1390 | AKK230229 | VSSZZZ 6KZ1R1 62317 | Кочани | 5 |
| 16 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | ОХ-872-ХС | 2000 | 44 | 1390 | AKK213429 | VSSZZZ 6KZ1R0 56774 | Кичево | 5 |
| 17 | СЕАТ ИБИЦА 1.4 СТЕЛА | СК-027-КГ | 2000 | 44 | 1390 | AKK230232 | VSSZZZ 6KZ1R1 63344 | Скопје-Центар | 5 |
| 18 | ФИАТ ПУНТО | КП-8403-АБ | 2002 | 44 | 1242 | 1055724 | ZFA188 000044 80740 | Крива Паланка | 5 |
| 19 | ФИАТ ПУНТО | РА-9870-АБ | 2002 | 44 | 1242 | 1132117 | ZFA188 0000518 4078 | Радовиш | 5 |
| 20 | ФИАТ ПУНТО | ГВ-1684-АЕ | 2002 | 44 | 1242 | 1138693 | ZFA188 000045 04442 | Гостивар | 5 |
| 21 | ШКОДА ФЕЛИЦИЈ А | ВА-4634-АБ | 1996 | 43 | 1287 | 2319117 | TMBEE A614-T02490 67 | Струмица | 5 |
| 22 | ШКОДА ФАБИЈА | СК-386-НТ | 2004 | 47 | 1896 | ASY/224575 | TMBNF 46Y844 076993 | Скопје-Карпош | 5 |
| 23 | ПЕЖО 307 | СК-2558-ВР | 2003 | 80 | 1587 | 10FX3V2011467 | VF33CN FUB831 99511 | Скопје-Кисела Вода | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | ШКОДА СУПЕРБ | SK-0164-BI | 2013 | 125 | 1968 | CFG391178 | TMBAF 83T9E9 027210 | МФ-Скопје | 5 |
| 25 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-0336-BI | 2013 | 110 | 1968 | CKF025614 | TMBAJ6 NE5E00 76913 | МФ-Скопје | 5 |
| 26 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-0186-BI | 2013 | 110 | 1968 | CKF024010 | TMBAJ6 NE0E00 73868 | МФ-Скопје | 5 |
| 27 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-1417-BH | 2013 | 77 | 1598 | CLHB23120 | TMBAG 6NE4E0 074276 | МФ-Скопје | 5 |
| 28 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-9731-BH | 2013 | 77 | 1598 | CLHB23034 | TMBAG 6NE9E0 074578 | МФ-Скопје | 5 |
| 29 | ШКОДА ОКТАВИА | SK-0339-BI | 2013 | 77 | 1598 | CLHB23821 | TMBAG 6NE3E0 074303 | МФ-Скопје | 5 |
| 30 | ШКОДА РАПИД | SK-9734-BH | 2013 | 63 | 1197 | CBZE76883 | TMBAM 4NH7E4 013424 | МФ-Скопје | 5 |
| 31 | ШКОДА РАПИД | SK-9752-BH | 2013 | 63 | 1197 | CBZE77318 | TMBAM 4NH0E4 013457 | МФ-Скопје | 5 |
| 32 | ШКОДА РАПИД | SK-0340-BI | 2013 | 63 | 1197 | CBZE76303 | TMBAM 4NH7E4 013648 | МФ-Скопје | 5 |
| 33 | ШКОДА РАПИД | SK-0338-BI | 2013 | 63 | 1197 | CBZE76331 | TMBAM 4NH3E4 013663 | МФ-Скопје | 5 |
| 34 | ШКОДА РАПИД | SK-9754-BH | 2013 | 63 | 1197 | CBZE79462 | TMBAM 4NH5E4 013678 | МФ-Скопје | 5 |
| 35 | ШКОДА РАПИД | SK-9758-BH | 2013 | 63 | 1197 | CBZE84280 | TMBAM 4NH0E4 014253 | МФ-Скопје | 5 |
| 36 | ШКОДА РАПИД | ШТ-2689-АД | 2013 | 63 | 1197 | CBZE77352 | TMBAM 4NH9E4 013392 | Штип | 5 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 37 | ШКОДА СИТИГО | SK-3708-BJ | 2013 | 44 | 999 | CHY376271 | TMBZZ ZAAZE D615922 | Гази Баба | 5 |
| 38 | ШКОДА СИТИГО | SK-2431-BI | 2013 | 44 | 999 | CHY376199 | TMBZZ ZAAZE D615878 | МФ-Скопје | 5 |
| 39 | ХОНДА ЦР-В | SK-0413-BK | 2013 | 114 | 1997 | R20A9/1040772 | SHSRE5 780DU0 20926 | МФ-Скопје | 5 |
| 40 | ВОЛВО XC 90 | SK-1538-BR | 2015 | 165 | 1969 | 1239443 | YV1LFA 4BCG10 05007 | МФ-Скопје | 5 |
| 41 | ШКОДА ЈЕТИ | SK-4978-BI | 2016 | 110 | 1968 | DFS201577 | TMBLD 45L4H6 032938 | МФ-Скопје | 5 |
| 42 | ШКОДА ЈЕТИ | SK-1412-BH | 2016 | 110 | 1968 | DFS201970 | TMBLD 45LXH6 033477 | МФ-Скопје | 5 |
| 43 | ОПЕЛ АСТРА | SK-993-UO | 2010 | 74 | 1398 | A14XFR19UV26 75 | W0LPD 6EB4AG 125851 | Битола | 5 |
| 44 | Форд Фиеста | СК-862-ПТ | 2006 | 55 | 1242 | 6835028 | WFOHX XWPJH 6B35018 | Државен девизен инспекторат | 5 |

Напомена: Доколку Договорниот орган во текот на осигурителниот период се стекне со нови возила, да се земе во предвид дека и тие треба да бидат осигурени дополнително под истите услови како и останатите возила кои првично биле осигурани.

Напомена - При настанување на штета од сообраќајна незгода, пријавувањето на надлежен орган на МВР е задолжително, освен доколку е настаната мала материјална штета. Под мала материјална штета се подразбира штета настаната на објекти и возила на кои не им се оштетени виталните делови за управување и запирање, а возилата можат самостојно да се движат по патот.

Основната премија за Автомобилска одговорност (АО) да биде понудена согласно меродавниот технички резултат добиен од НБОМ побаран од економските оператори и истата да биде во согласност со тарифата за премии за Автомобилска одговорност.